

# ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ И КОНСТРУКЦИИ
# NATURAL HAZARDS AND STRUCTURES

**ДГКМ**

**ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА**

**MASE**

**MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS**

**17 МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ**
**INTERNATIONAL SYMPOSIUM**

**ОХРИД, МАКЕДОНИЈА**
**OHRID, MACEDONIA**
**4 - 7 октомври 2017**
**october, 4th - 7th, 2017**

**17ТИ Симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија**
**(ДГКМ 2017)**

**Октомври 4-7, 2017   Охрид, Македонија**

**17ТИ Симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија (ДГКМ 2017)** ќе се одржи од 4 до 7 Октомври, 2017 во Охрид, Македонија. Симпозиумот ќе се фокусира на прашања од областа на градежното конструкторство, со посебен акцент на однесувањето на градежните конструкции при дејство на инцидентни влијанија и природни катастрофи, како: земјотреси, екстремно високи и ниски температури, пожари, ветер, експлозии, поплави, лавини, одрони, лизгање на тлото и сл. Главна цел на симпозиумот е да обезбеди форум, каде домашните и странските учесници ќе можат да разменат знаење и идеи за најновите научни достигнувања и практики, поставувајќи насоки за идни истражувања и соработки во областа на градежништвото. Повикани се да учествуваат сите градежни конструктори и студенти, како и истражувачи од сродни области.

**Тема на симпозиумот:** **ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ И КОНСТРУКЦИИ**

**Главни теми**

- Асеизмичко проектирање на конструкции
- Конструкции отпорни на пожар и експлозии
- Климатски влијанија врз конструкции, како екстремно високи или ниски температури и ветер
- Влијанија на клизишта, лавини и поплави врз конструкции
- Превенција од катастрофи и ублажување на последиците врз градежните објекти

**Останати теми**

- Теориски и експериментални анализи на конструкции
- Современи методи за проектирање на конструкции
- Еврокодови и Национални анекси
- Современи техники за изведба на конструкции
- Современи материјали и технологии, предуслов за одржлив развој
- Доверливост, робусност и трајност на конструкциите
- Испитување, одржување, зајакнување и санација на конструкции
- Инфраструктурни објекти
- Други теми поврзани со градежното конструкторство

Во рамките на Симпозиумот, во соработка со Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, ќе се одржи тркалезна маса на тема “**Законот за градење и потребите од негови измени и дополнувања**“. Втората тркалезна маса на тема “**Имплементација на Регулативата за градежни производи – CPR 305-2011**” ќе биде организирана во соработка со CEN-Европскиот комитет за стандардизација.

## • ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ТРУДОВИТЕ

Официјални јазици на Симпозиумот се македонскиот и англискиот. Трудовите треба да бидат подготвени почитувајќи ги следните правила: вкупниот број на страници не треба да надминува 10, со исклучок на воведните и повиканите предавања кои се ограничени на 14 страници. Независно од јазикот на кој ќе биде изложен трудот, резимето треба да биде двојазично. Трудовите треба да се испратат до организаторот во електронски формат (Microsoft Word и PDF) за да се овозможи нивно дооформување пред објавување во Зборникот на трудови.

Учесниците треба да подготват и проширено резиме на трудот на 2 страници, само на англиски јазик. Проширеното резиме треба да даде јасна претстава за целите на трудот, осврт на добиените резултати и заклучоци. При доставување на трудот авторите треба да достават и доказ за платена котизација. Детални

упатства за припрема на трудовите и проширените резимеа можат да се превземат од интернет страницата на ДГКМ: http://mase.gf.ukim.edu.mk

Проширените резимеа ќе бидат печатени, додека комплетниот труд ќе биде издаден во дигитален формат.

Power Point и Постер презентациите треба да бидат подготвени на англиски јазик, а излагањето на еден од официјалните јазици на Симпозиумот.

**Термини за пријавување на трудовите:**

| | | |
|---|---|---|
| 30 јуни 2017 | – | Продолжен рок за пријава и кусо резиме |
| 15 јули 2017 | – | Повратна информација за прифаќање на кусото резиме |
| 1 септември 2017 | – | Доставување на трудот и проширеното резиме |
| 10 септември 2017 | – | Повратна информација за рецензираниот труд и проширеното резиме |
| 15 септември 2017 | – | Доставување на конечна верзија на трудот и на проширеното резиме |

**• КОТИЗАЦИЈА**

Котизацијата, која во себе вклучува: книга на проширени резимеа, комплетни трудови во дигитален формат, коктел и свечена вечера изнесува 120 евра, односно денарска противвредност, доколку се уплати до 1 септември 2017. Котизацијата уплатена по предвидениот термин, изнесува 150 евра.

Младите истражувачи (до 30 години) имаат 50% попуст. Студенти, членови на ДГКМ, имаат 75% попуст. Компаниите кои ќе уплатат 3 до 5 котизации добиваат 20% попуст, за уплатени 6-8 котизации добиваат 30% попуст, додека за над 8 котизации попустот изнесува 40%. Попустите не се комбинираат.

Котизацијата треба да се уплати на жиро сметка: 300000001206328; депонент: Комерцијална банка – Скопје; даночен број: МК 4030995226660; за: ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА, Скопје, бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560, 1000 Скопје, Република Македонија (за 17-ти Симпозиум).

**• МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ И СМЕСТУВАЊЕ**

Симпозиумот ќе се држи во хотел „Гранит“ во Охрид. Сместување на учесниците е во Хотел „Гранит“ (http://hotelgranit.com.мк), но на располагање е и хотелот „Бетон“ (http://www.hotelbeton.com.mk), кој се наоѓа во непосредна близина. Цените за сместување се дадени на веб страната на ДГКМ (Место на одржување). Секој учесник потребно е да изврши навремена резервација на наведените адреси.

**• МАРКЕТИНГ**

Сите заинтересирани институции, компании и поединци можат под поволни услови да ги претставаат на пошироката јавност своите досегашни достигнувања и производни можности преку изложби, видео проекции на самиот Симпозиум или огласи и реклами во Зборникот на трудови на Симпозиумот. Условите и цената може да се најдат на интернет страницата на ДГКМ (Маркетинг) и треба да се договорат однапред со организаторот. Придобивките за Спонзорите дефинирани се на интернет страницата на ДГКМ.

**• КОРЕСПОНДЕНЦИЈА**

Сите информации во врска со 17-от Симпозиум редовно ќе бидат објавувани на интернет страницата на ДГКМ. Пријава за учество може да се пополни и директно преку линковите на интернет страницата. За информации, заинтересираните може да се обратат и на следната адреса:

**Мери Цветковска – Претседател на ДГКМ**
**Ана Тромбева Гаврилоска – Генерален секретар на ДГКМ**
**Дарко Наков – Технички секретар на ДГКМ**
Градежен факултет – Скопје
Партизански одреди 24, П. Фах 560, Скопје
тел: (02) 3 116 066 лок. 205 , факс: (02) 3 118 834
http://mase.gf.ukim.edu.mk , e-mail: mase@gf.ukim.edu.mk

- **ПРОГРАМСКИ ОДБОР:**

Мери ЦВЕТКОВСКА
Петар ЦВЕТАНОВСКИ
Чедомир ТЕОДОСИЕВСКИ
Ана ТРОМБЕВА-ГАВРИЛОСКА
Роберта АПОСТОЛОВСКА
Андреа СЕРАФИМОВСКИ
Илија МАРКОВ
Дарко НАКОВ
Сергеј ЧУРИЛОВ
Селман ИМЕРИ

- **ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР:**

**Претседател:** Мери ЦВЕТКОВСКА

**Членови:**
Влатко ВИТАНОВ
Коце ТОДОРОВ
Денис ПОПОВСКИ
Маријана ЛАЗАРЕВСКА
Марија ВИТАНОВА

**Техничка служба:**
Миле ПАРТИКОВ
Цветанка ЧИФЛИГАНЕЦ
Симона БОГОЕВСКА
Кристина МИЛКОВА
Милица ЈОВАНОВСКА
Ристе ВОЛЧЕВ
Никола ПОСТОЛОВ
Владимир ДАМЈАНОВСКИ
Марија ДОЦЕВСКА

- **НАУЧЕН ОДБОР**
*(по азбучен редослед)*

Грозде АЛЕКСОВСКИ, Македонија
Санде АТАНАСОВСКИ, Македонија
Ѓорѓи БАЛАШ, Унгарија
Дубравка БЈЕГОВИЌ, Хрватска
Владимир ГОЦЕВСКИ, Канада
Иван ЈАКИМОВ, Бугарија
Елена ДУМОВА ЈОВАНОСКА, Македонија
Ѓорѓе ЛАЃИНОВИЌ, Србија
Љупчо ЛАЗАРОВ, Македонија
Душко ЛУЧИЌ, Црна Гора
Мирјана МАЛЕШЕВ, Србија
Огнен МАРИНА, Македонија
Питер МАРК, Германија
Златко МАРКОВИЌ, Србија
Горан МАРКОВСКИ, Македонија
Дарко МОСЛАВАЦ, Македонија
Мирослав НАСТЕВ, Канада
Тихомир НИКОЛОВСКИ, Македонија
Светлана ПЕТКОВСКА ОНЧЕВСКА, Македонија
Нико ПОЈАНИ, Албанија
Предраг ПОПОВИЌ, САД
Властомир РАДОЊАНИН, Србија
Енрико РОНЧИ, Шведска
Бошко СТЕВАНОВИЌ, Србија
Младен УЛИЧЕВИЌ, Црна Гора
Михаел ФАБЕР, Данска
Масимо ФРАЦИКОМО, Италија
Рудигер ХОФЕР, Германија
Кјанг ХУ, Н.Р.Кина
Голубка Н. ЦВЕТАНОВСКА, Македонија
Вероника ШЕНДОВА, Македонија